РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-154/9
10.02.2021 год.-viti

Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararası VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено: E pranuar: Kabul tarihi: 11.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org. Org.bir. | Број Numri No. | Прилог Shtojca Ekleri | Вредност Vlera Değer |
| 03 | 82/1 | | |

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус (додипломски) академски студии (240 ЕКТС) по „Градежно инженерство“ на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус (додипломски) академски студии (240 ЕКТС) по „Градежно инженерство“ на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## **О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-272/6 од 23.09.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар се обрати со барање бр.0306-1288/01 од 25.09.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-154/1 од 28.09.2020 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус (додипломски) академски студии (240 ЕКТС) по „ Градежно инженерство“ на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-154/2 од 08.02.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 09.02.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-154/3 од 09.02.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус (додипломски) академски студии (240 ЕКТС) по „ Градежно инженерство“ на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил/одобрил: Милена Ефремовска